РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА
ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бр.-Nr. 11-1550/2

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**Биро за јавни набавки**
**Ул. Даме Груев бр.12, 2-кат**

**СКОПЈЕ**

**контакт: Епошта : katerina.popovska@bjn.gov.mk**
**тел: (02) 3106 695**

***- за Г-дин Armir Sadiki, в.д. Директор***

**Предмет: Одговор на Ваше Барање**

**Врска: Ваш допис бр.09-875/1 од 08.06.2020 година**

Почитуван,

Во врска со Вашиот допис, под горе наведениот број и датум, доставен до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, на 08.07.2020 година и заведен под архивски број 11-1550/1, а кој се однесува на Барање за мислење по однос на Одлуките за утврдување на највисоки цени на одделни нафтени деривати, Ве информираме со следното:

Согласно член 24, став (1), точка 1), алинеја 16 и член 149 од Законот за енергетика* ("Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19) и член 8 од Правилникот за формирање на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт ("Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 108/20 и 133/20), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), на секои седум дена донесува Одлуки за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт.

Највисоките малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт, пресметани во согласност со Правилникот за формирање на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт, ги применуваат трговците на големо и трговците на мало со нафтени деривати и горива за транспорт во Република Северна Македонија.

Со Правилникот за формирање на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт, е уреден начинот на пресметка, објавување и примена на највисоките малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт на пазарот на сурова нафта, нафтени деривати и горива за транспорт во Република Северна Македонија.

Во врска со Вашето прашање, а кое се однесува на тоа: „дали економските оператори може во постапка на јавна набавка на горива да даде цена која е пониска од утврдената малопродажна цена", Ве информираме дека трговците со нафта и нафтените деривати на големо, како економски оператори во постапките за јавни набавки може да понудат малопродажна цена еднаква или пониска од утврдената со Одлука за највисока малопродажна цена на одделните нафтени деривати, но не смеат да понудат цена која е повисока од утврдената со Одлука.

Со ваквиот пристап, трговските оператори, следејќи ги пазарните услови, сами одлучуваат до која долна граница може да понудат цена за одделен нафтен дериват на пазарот со нафта и нафтени деривати, при што цената за нив треба да биде оправдана и да ги покрие трговските трансакции, а истите со таквиот пристап стануваат поконкурентни и ја поттикнуваат конкуренцијата помеѓу операторите на пазарот со нафта и нафтени деривати.

Со почит,

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**

Изготвил: Јулијана Димоска-Исајловска
Контролирал: Слободан Марјановиќ